**Во арбитражната постапка заведена под Бр. 26696/ХБХ во согласност со правилата на Меѓународната трговска комора**

Помеѓу

**ГАМА Гуч Системлери Мехндислик ве Таахнут А.Ш.**

Тужител

против

**Република Северна Македонија**

Тужен

---

**Стручно мислење на**

**Дејан Костовски**

---

25 ноември 2022 година

## 1. ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО

1. Моето име е Дејан Костовски и јас сум основач и управител на Друштвото за консалтинг ИМАГО-ЕНА ДООЕЛ Скопје. Мојата деловна адреса се наоѓа на ул. Разловечко востание бр. 24-41, 1000 Скопје, Северна Македонија.

2. Моите професионални квалификации и професионално искуство се содржани во мојата биографија која е дадена во ПРИЛОГ 2 кон ова мислење.

3. Моите професионални квалификации, стручност и искуство кои се релевантни за ова мислење се следните:

   (a) Јас бев судија во Основниот суд Скопје I во Одделението за стечај (1996–2004), Одделението за стопански спорови (2004-2005) и Одделението за работни спорови (2005-2006).

   (b) Јас бев член на работната група за изготвување на Законот за стечај (2005), Член на работна група за изготвување на професионални стандарди, регулативи кои се однесуваат на испитот за стекнување на лиценца за овластен стечаен управник, на управувањето со стечајната маса и нејзината продажба, како и на надоместоците и наградите на стечајниот управник и Етичкиот кодекс на стечајните управници (2006) и член во работната група за измени и дополнувања на Законот за стечај (2013 година).

   (c) Јас бев повремен едукатор во Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија, повремен едукатор во Комората на стечајни управници на Република Македонија и повремен надворешен предавач на мастер студиите по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.

   (d) Јас сум член на првата комисија за полагање на испит за стекнување на звање овластен стечаен управник формирана од министерот за правда (2001), поранешен член на Управниот Одбор на македонското Здружение за стечај, поранешен член на Здружението на судии на Република Македонија и поранешен член на издавачкиот одбор на Судскиот информатор, списание кое го издаваше Здружението на судиите на Република Македонија.

   (e) Јас сум автор и ко-автор на поголем број на книги и стручни трудови во областа на стечајот и реорганизацијата, помеѓу кои и „Коментарот на Законот за стечај (2014), Академик Скопје, „*Реорганизација на должникот во стечајна постапка со донесување на стечаен план со формирање на ново трговско друштво*“ (законска рамка и искуства од праксата) Зборник на трудови од меѓународната конференција „*Стечајот како можност за реорганизација*“, 2000, Охрид, Република Македонија, „*Заштита на правата на доверителите во постапка за вонстечајна реорганизација според македонското право*“ (Искуства и тенденции за законодавството на БИХ), Зборник на трудови, „Јавни и приватни аспекти на правните реформи во БИХ: Колку далеку може да се оди,“ – Меѓународна конференција Правен факултет Универзитет во Тузла и Центар за општествени истражувања Тузла, 2014 Босна и Херцеговина, „*Одговорност на членовите на органите на управување и надзор на трговското друштво за штета настаната поради неподнесување на предлог за отворање на инсолвентна постапка*“

Актуелни прашања на стечајното право, законодавство – практика Зборник на трудови, Здружение на стечајните управници на Република Српска, Бања Лука ноември 2012 година и други

(f) Јас сум предавал на голем број на национални и меѓународни стручни конференции во областа на стечајот и реорганизацијата и редовно сум бил поканет од Здружението на правниците на Република Македонија на годишни советувања како предавач на теми од стечајната постапка.

## 2. ИЗЈАВА НА ЕКСПЕРТОТ

4. Ова мислење е подготвено за целите на арбитражната постапка во која како тужител се јавува ГАМА Гуч Системлери Мехндислик ве Таахнут А.Ш. (во понатамошниот текст "**ГАМА**") а како тужен Република Северна Македонија.

5. Јас сум ангажиран од страна на Адвокатско друштво Георгиевски во име на нивниот клиент ГАМА.

6. Немам поранешни врски со страните во арбитражната постапка, нивните правни советници и членовите на арбитражниот трибунал.

7. Јас сум независен од страните во арбитражната постапка, нивните правни советници и членовите на арбитражниот трибунал. Според моето најдобро знаење, и откако направив соодветно истражување, не постојат факти или околности, минати или сегашни, кои би можеле да предизвикаат разумни сомнежи за мојата непристрасност.

8. Мислењата содржани во ова правно мислење се засновани на моето автентично уверување во истите. Моето мислење се базира на моето искуство од повеќе од 25 години во областа на стечајот и реорганизацијата.

9. Ова мислење е подготвено на македонски јазик и доколку е потребно јас изјавата пред арбитражниот трибунал ќе ја дадам на македонски јазик.

## 3. ИНСТРУКЦИИ И ОБЕМ НА МИСЛЕЊЕТО

10. Адвокатско друштво Георгиевски побара од мене мислење во врска со одредени аспекти на предстечајната реорганизација на Друштвото за производство на електрична енергија и топлина ТЕ-ТО АД Скопје (во понатамошниот текст "**ТЕ-ТО**"). Поконкретно, од мене беше побарано да дадам мислење во однос на следните прашања:

(a) Дали согласно законот за стечај Основниот граѓански суд Скопје бил должен да го отфрли Предлогот за спроведување на план за реорганизација пред отворање на стечајна постапка со план за реорганизација подготвен од должникот на ТЕ-ТО од 24 април 2018 година?

(b) Дали Основниот граѓански суд постапил во согласност со законот за стечај кога на рочиштето ТЕ-ТО одржано на 5 јуни 2018 година му

наложил на ТЕ-ТО да достави коригиран план за реорганизација со промени во класите на доверителите?

(c) Дали Планот за реорганизација на ТЕ-ТО од 6 јуни 2018 година бил изготвен во согласност со законот за стечај, а особено во однос на (i) поделбата на класи на доверители; (ii) рокот за извршување на планот за реорганизација; и (iii) финансиски проекции, вклучувајќи ги проектираниот биланс на успех, биланс на состојба и извештај за паричните текови за периодот на извршување на планот за реорганизација?

(d) Дали акционерите на ТЕ-ТО кои имале побарувања кон ТЕ-ТО по основ на заеми биле третирани поповолно од доверителите во класата на необезбедени доверители согласно коригираниот План за реорганизација на ТЕ-ТО од 6 јуни 2018?

(e) Дали Планот за реорганизација на ТЕ-ТО од 6 јуни 2018 година на несомнен начин прикажува дека необезбедените доверители би биле поповолно намирени со истиот наместо со впаричување на имотот на ТЕ-ТО?

11. За потребите на изработката на ова правно мислење ја анализирав документацијата дадена во ПРИЛОГ 1 кон ова мислење.

## 4. МИСЛЕЊЕ

**Дали согласно законот за стечај Основниот граѓански суд Скопје бил должен да го отфрли Предлогот за спроведување на план за реорганизација пред отворање на стечајна постапка со план за реорганизација подготвен од должникот на ТЕ-ТО од 24 април 2018 година?**

12. Согласно Законот за стечај (во понатамошниот текст "**Закон за стечај**"),[1] стечајниот судија бил должен да го отфрли Предлогот за спроведување на план за реорганизација пред отворање на стечајна постапка со план за реорганизација на ТЕ-ТО од 24 април 2018 година (во понатамошниот текст "**Предлог**"),[2] бидејќи ТЕ-ТО не доставил докази дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка и приложениот план за реорганизација од 04.04.2018 година (во понатамошниот текст "**План за реорганизација**")[3] бил непотполн, неуреден и во спротивност со Законот за стечај.

13. Законот за стечај дава можност за надминување на финансиски потешкотии на должник кој е неспособен за плаќање со поднесување на предлог за отворање на стечајна постапка заедно со план за реорганизација и со барање судот да спроведе т.н. вонстечајна постапка за реорганизација или постапка за реорганизација во претходна постапка во која се утврдуваат условите за

---

[1] Закон за стечај ("Службен весник на Република Македонија" број 34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15) (во понатамошниот текст "Закон за стечај")
[2] Предлог за спроведување на план за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 24.04.2018 година
[3] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година

отворање на стечајна постапка.[4] Вонстечајна реорганизација се разликува од постапката за стечајна реорганизација во која должникот, доверителите или стечајниот управник предлага план за реорганизација во текот на веќе отворена стечајна постапка.

14. Во својата суштина спроведување на постапката со поднесување на предлог за отворање на стечајна постапка заедно со план за реорганизација, преставува т.н. хибридна постапка во која должникот пред да го поднесе предлогот за отворање на стечајната постапка треба да заврши голем дел од работите во врска со изготвувањето на планот за реорганизација која се состои во преговори со доверителите, информирање на доверителите додека во втората фаза оставено е судот да ја спроведе постапката за прифаќање на планот.[5]

15. Улогата на судот која согласно Законот за стечај како функционална надлежност е препуштена на судија поединец е да се грижи за законитоста на постапката, како во делот на тоа дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка така и во делот на контрола на поднесениот план за реорганизација. Улогата на стечајниот судија се состои во независна оценка на поднесениот план за реорганизација пред се од аспект на примена на когентните законски правила кои му наложуваат да го отфрли поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка и изготвениот план за реорганизација доколку условите за отворање на стечајна постапка не се исполнети и ако планот за реорганизација не е составен во согласност со Законот за стечај.

16. Законот за стечај предвидува должност судот истовремено да се впушти во оценка на уредноста на предлогот за отворање на стечајна постапка, односно дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка и дали предложениот план за реорганизација е уреден и дали ги содржи сите елементи кои се суштински согласно Законот за стечај. Стечајниот судија, по службена должност или по предлог на заинтересирано лице, има обврска да го отфрли предлогот за отворање на стечајна постапка и предлогот за спроведување на реорганизација по изготвен план за реорганизација доколку:

(a) Планот не е во согласност со Законот за стечај; или

(b) Со планот не се опфатени доверителите кои доколку биле опфатени со планот, можеле со своето гласање да влијаат на одлуката за донесување на планот; или

(c) Планот е непотполн или неуреден, а посебно ако изготвениот план за реорганизација не е составен согласно одредбите на Законот за стечај со кој се уредува, кој може да го поднесе планот за реорганизација, содржината и рокот за поднесување на план за реорганизација, а недостатоците можеле да се отстранат или не се отстранети во рокот кој го определил стечајниот судија; или

---

[4] Член 215–а став 1 од Законот за стечај ("...*постапка за реорганизација пред отворање на стечајна постапка може да се спроведе само ако должникот заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка поднел и план за реорганизација...*")

[5] Во нашиот правен систем вонстечајна реорганизација беше прв пат нормирана со член 69 од Законот за измени и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр.79/2013) со кој по членот 215 беа додадени пет нови членови и тоа 215-а, 215-б, 215-в, 215-г и 215-д. Согласно член 82 од истиот закон овие одредби започнаа со примена од 01.01.2014 година.

(d) Утврди дека не се исполнети условите за отворање на стечајната постапка. [6]

17. Доколку условите за отворање на стечајна постапка не се исполнети, судот е должен по службена должност веднаш да го отфрли предлогот за отворање на стечајна постапка и предлогот за спроведување на реорганизација по изготвен план за реорганизација.[7] Законот за стечај не му дава можност на судот да му наложи на подносителот да го уреди предлогот за отворање на стечајна постапка во смисла на доставување докази согласно Законот за стечај дека подносителот е неспособен за плаќање. Против решението со кое судот го отфрла предлогот за отворање на стечајна постапка и предлогот за спроведување на реорганизација по изготвен план за реорганизација не е дозволена жалба.[8]

18. Од друга страна, доколку подносителот приложил докази дека условите за отворање на стечајна постапка се исполнети но планот за реорганизација кој го приложил содржи недостатоци и технички грешки кои не се од суштинска природа, во тој случај судот може да му наложи на подносителот да го уреди планот за реорганизација во рок од осум дена.[9] Притоа, стечајниот судија треба да биде непристрасен и не смее да му дава совети и насоки на подносителот на кој начин да го уреди планот за реорганизација. Доколку во оставениот рок подносителот не го уреди планот за реорганизација, судот е должен по службена должност да го отфрли предлогот за отворање на стечајна постапка и предлогот за спроведување на реорганизација по изготвен план за реорганизација.[10] И против ова решение за отфрлање не е дозволена жалба.[11]

19. Во конкретниот случај, ТЕ-ТО заедно со Предлогот не приложил докази од кои може да се утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка т.е. дека ТЕ-ТО е неспособен за плаќање во смисла на одредбите на Законот за стечај. ТЕ-ТО доставил докази дека сметките му се блокирани во период од 38 дена и не доставил докази кои укажуваат на идна неспособност за плаќање.[12] Согласно Законот за стечај отворањето на постапката за реорганизација е дозволена[13] само ако подносителот достави доказ дека е неспособен за плаќање,[14] односно му престои идна неспособност за плаќање.[15] Со оглед на тоа дека ТЕ-ТО не доставил докази дека е неспособен за плаќање во период подолг

[6] Член 215-в став 3 од Закон за стечај

[7] Член 215-в став 3 алинеја 4 од Закон за стечај

[8] Член 215-в став 6 од Закон за стечај

[9] Член 215-в став 4 од Закон за стечај

[10] Член 215-в став 5 од Закон за стечај

[11] Член 215-в став 6 од Закон за стечај

[12] Предлог за спроведување на план за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 24.04.2018 година

[13] Член 5 став 1 од Законот за стечај, "*Стечај или реорганизација над стечајниот должник се спроведува кога стечајниот должник е неспособен за плаќање, односно му претстои идна неспособност за плаќање.*"

[14] Член 5 став 2 од Законот за стечај, "Ќе *се смета дека должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање*".

[15] Член 5 став 5 од Законот за стечај, „*Идна неспособност за плаќање постои ако должникот направи веројатно дека своите постоечки парични обврски нема да може да ги исполни по нивното пристигнување.*„

од 45 дена во смисла на член 5 став 2 од Законот за стечај или дека му претстои идна неспособност за плаќање во смисла на член 5 став 5 од Законот за стечај, стечајниот судија бил должен да го отфрли Предлогот во смисла на член 215-в став 3 алинеја 4 од Закон за стечај.

20. Исто така, стечајниот судија бил должен да го отфрли Предлогот поради тоа што Планот за реорганизација бил непотполн, неуреден и во спротивност со одредбите на Законот за стечај, особено поради недостаток на информации зошто реорганизација е поповолна опција за необезбедените доверители од впаричување на имотот на ТЕ-ТО, формирањето на класите на доверителите, рокот за негово извршување и други елементи предвидени во Законот за стечај, поконкретно:

21. **Прво**, Планот за реорганизација не содржел детална анализа зошто реорганизација е поповолна можност за намирување на побарувањата на необезбедените доверители од повисок исплатен ред, како ГАМА, од можноста која се нуди преку впаричување на имотот. Во таа смисла не е направена проценка на вредноста на имотот на ТЕ-ТО според методот на продолжување на деловниот потфат и анализа колку од износот на проценетата вредност е дел од побарувањата на обезбедените доверители, а колку за необезбедените доверители. Суштината на секој санационен план е токму ваквата анализа и без неа доверителите немале и не можеле да имаат вистинска слика за предложената реорганизација.

22. Наместо анализа на состојбата, во Планот за реорганизација се користат непоткрепени изрази од типот „*доверителите од втората класа кои ги опфаќа необезбедените доверители чии побарувања се по основ на заеми дадени во периодот при изградба на постојката преку која ТЕ-ТО го врши деловниот потфат креираат финансиски проблеми и го попречувале нормалното работење на ТЕ-ТО*“[16] или “*втората класа на доверители мораат да разберат дека нивните побарувања се намируваат дури по намирувањето на доверителите од првата класа кои се обезбедени*”[17] во насока дека наводно при евентуално впаричување на имотот на ТЕ-ТО, необезбедените доверители би добиле многу помалку од предвидените 10%.

23. Изјавата во Планот за реорганизација дека “*Доколку дојде до впаричување на имотот преку активирање на хипотеките и залозите или пак впаричување во стечајна постапка ќе се намират само обезбедените доверители и тоа нецелосно. Тоа се должи на фактот што интересот за изградба на вакви постројки кои во моментов се неконкурентни на пазарот е многу мал и соодветно вредноста на опремата која може да биде предмет на впаричување е далеку пониска од побарувањата* на обезбедените доверители”[18] е паушална и неточна ако се земе предвид дека побарувањата на обезбедените доверители од 53,6 милиони евра[19] изнесуваат помалку од 1/3 од сметководствената вредност на имотот на ТЕ-ТО.[20]

---

[16] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, т 1.5. страница 15
[17] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, т 1.5. страница 16
[18] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, т 1.5. страница 12
[19] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, т 1.5. страница 8
[20] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, т 1.5. страница 20-21

24. **Второ**, Во Планот за реорганизација под ефекти кои ќе се постигнат со планот ТЕ-ТО навел дека доверителите се поделени во три класи и дека ваквата поделба ќе овозможела ТЕ-ТО финансиски да се стабилизира и да го зачува брендот кој бил граден со години.[21] Ефектите кои треба да се постигнат со Планот за реорганизација треба да бидат предмет на детална анализа за тоа како предложениот план за реорганизација ќе влијае на положбата на доверителите и извршената поделба на доверителите на три класи за потребите за гласање на планот, не е во никој случај поврзано со олеснување на спроведување на планот за реорганизација. Во овој дел ТЕ-ТО бил должен да ги опише ефектите кои ќе се постигнат за доверителите од аспект на анализа на моделот кој го прифаќа Планот за реорганизација и висината на намирување на побарувањата на доверителите.

25. Во таа смисла, неопходно било да се направи анализа зошто впаричувањето на имотот на ТЕ-ТО во стечајна постапка е понеповолна варијанта за доверителите од модел прифатен во Планот за реорганизација, намалување на побарувањата на доверителите за 90% и нивна исплата по проток од 10 години од примена на планот. Таа анализа по правило се работи од аспект на намирувањето на доверителите а не како што тоа е направено во конкретниот случај од аспект на тоа што е поповолно за ТЕ-ТО.

26. **Трето**, Во Планот за реорганизација е наведено како обврзувачко дејство задолжително исклучување на намирување на побарувањата на доверителите кои дополнително ќе се стекнат со пресуди за побарување спрема ТЕ-ТО ако се однесува на други обврски освен оние кои се однесуваат на договори или облигационо правни односи.[22] Оваа одредба е во спротивност со одредбите на Законот за стечај со кои се уредува содржината на планот за реорганизација.[23]

27. **Четврто,** Планот за реорганизација не содржи една од основните информации, која планот мора да ја содржи, а која се однесува на податоците за постапката за подготвување на планот за реорганизација, вклучувајќи ги податоците за испратени известувања, достапност на информациите на доверителите и текот на преговорите.[24] Инаку, и од дополнително доставените податоци може да се заклучи дека ТЕ-ТО воопшто не водел никакви преговори ниту со доверителите кои имале обезбедено побарување ниту со доверителите од необезбедено побарување од повисок исплатен ред. Доставените докази кои се во прилог на документацијата во која извршив увид се за одржани состаноци со поврзаните друштва со ТЕ-ТО на кои еднострано се презентира планот за реорганизација и се бара да достават изјави согласно член 215-б став 2 точка 2. [25]

28. **Петто,** Во финансиските проекции (проектираниот биланс на успех, билансна состојба и извештај за паричните текови) за периодот на извршување на Планот за реорганизација на ТЕ-ТО не биле вклучени обврските по основ на данок на добивка кои ќе произлезат од предложениот отпис на побарувања на

---

[21] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, т 1.5. страница 11

[22] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, страница 11

[23] Член 215-б став 2 алинеја 1) "*одредба со која се одредува дека побарувањата на доверителите кои не се опфатени со одредбите на планот за намирување на доверителите ќе бидат намирени на ист начин и под исти услови како побарувањата на другите доверители од нивна класа*"

[24] Закон за стечај, член 215 – б став 2 точка 4

[25] Одговор на допис од ТЕ-ТО АД Скопје од 02.05.2018

необезбедените доверители.[26] Со оглед на предложениот отпис на побарувања од приближно 150 милиони евра, обврските по данок на добивка би биле значителни т.е. 10% од овој износ и затоа Планот за реорганизација морал да ги вклучи во финансиските проекции и да предвиди на кој начин ќе ги намири. Од овие причини, Планот за реорганизација е неспроведлив.

29. **Шесто,** Рокот за извршување на Планот за реорганизација[27] е во спротивност со одредбите на Законот за стечај согласно кои рокот за извршување на планот за реорганизација не може да биде подолг од 5 години освен во случај кога мерките за реализација на планот за реорганизација се однесуваат на предвидена отплата на побарувањата во рати, измена на роковите на достасување, каматни стапки или други услови на заемот, кредитот или друго побарување или инструменти за обезбедување, периодот на отплата на кредитот или заемот земен за време на траењето на претходната постапка или согласно со планот за реорганизација, како и роковите на достасување на издадените должнички хартии од вредност.[28]

30. Планот за реорганизација предвидувал рок на спроведување од 12 години со тоа што во првите десет години сметано од 2018 година треба да се исплатат 100% од побарувањата на доверителите со обезбедени побарувања, побарувањата на необезбедените доверители од втората класа се намалуваат за 90% и каматата и исплатата на 10% ќе биде извршена во 2028 и 2029 година а побарувањата на необезбедените доверители од трета класа ќе се исплаќаат 100% како што доспеваат.[29] Со оглед на тоа дека побарувањето на ГАМА не произлегува од договор за заем или кредит рокот за спроведување на Планот за реорганизација не можел да биде подолг од 5 години.

31. **Седмо,** Содржинскиот дел на Планот за реорганизација не ги содржи елементите на извршна исправа. Не се опишани обврските кои ТЕ-ТО би ги преземал по запирањето на стечајната постапка, содржинскиот дел на Планот за реорганизација не содржи јасни и прецизни одредби за намирување на доверителите од втората класа со точни датуми или во кој период ќе бидат исплатени. Во табелата за исплата на побарувањата на доверителите од втората класа недостасуваат конкретни датуми на исплата на побарувањата за да може да се направи целосна контрола во извршувањето на планот за реорганизација.[30]

32. Содржинскиот дел од Планот за реорганизација не содржи точни податоци за лиценците кои ТЕ-ТО ги има и како влијаат правните последици од прифатениот план на нивната важност.[31] Исто така, во Планот за реорганизација не е искажана проценетата вредност на уделите кои ги има во своите поврзани

---

[26] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, страница 27-33
[27] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, т. 2.6. страница 19
[28] Член 215-б став 1 алинеја 2) точка 13
[29] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, т.2.1. страница 13
[30] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, 2.4. страница 18
[31] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, на страница 5 е наведено дека ТЕ-ТО поседува лиценци за производство на електрична и топлинска енергија, трговија со електрична енергија и трговија со природен гас

друштва и колку очекува прилив на средства по основ на добивка од уделите во овие друштва на годишно ниво и за кои цели тие средства ќе ги користи.[32]

33. **Осмо**, Планот за реорганизација не содржи анализа за тоа како ТЕ-ТО ќе се справи со идни ризици кои би можеле да го загрозат деловниот потфат. Во Планот за реорганизација се употребува поимот добивка на местата на кои се зборува дека ќе треба да оствари приход за намирување на доверителите што е многу непрецизно.[33] По правило акционерите за време на спроведување на планот кој по својата суштина е санационен и имаат доверители чии побарувања се одложени за наплата и намалени за 90% не смеат да исплаќаат добивка се до моментот на исплата на побарувањата на доверителите.

34. Во конкретниот случај при вакви санациони планови со огромно кратење на висината на побарувањата на доверителите, како и одложувањето на исплата на побарувањата на доверителите на 12 години, требало да бидат вградени клаузули кои би довеле до заштита на доверителите при исплатата на побарувањата посебно на необезбедените доверители од повисок исплатен ред. Тие клаузули се однесуваат на нормирање на забрана на исплата на добивка за спроведување на планот за реорганизација, забрана на понатамошно задолжување, забрана за самостојно располагање со имотот, забрана за загрозување на капацитетот на ТЕ-ТО да го спроведе Планот за реорганизација, забрана за спроведување на организациски, статусни и сопственички промени на ТЕ-ТО за време на спроведување на планот за реорганизација и забрана на друштвото по исплата на доверителите со обезбедени побарувања и бришењето на хипотеките да го продадат имотот на трети лица.

35. **Деветто**, Планот за реорганизација не содржи јасни критериуми врз основа на кои се формирани класите на доверителите од втора и трета класа, односно:

(a) утврдениот начин на исплата на побарувањата посебно на трета класа е спротивна на законски утврдените начела за рамноправен третман на доверителите во иста класа, па доспеаноста на побарувањето не игра никаква улога;

(b) рангирање на акционерите на ТЕ-ТО како доверители од понизок исплатен ред во однос на побарувањата на доверителите во втора класа заедно со ГАМА и други доверители со побарувања од повисок исплатен ред. Не биле наведени причините поради кои ГАМА и другите доверители со побарувања од повисок исплатен ред се ставени во втората класа и ќе бидат намирени последни заедно со акционерите на ТЕ-ТО.

(c) акционерите се стекнале со повластена положба по однос на со законот определена, односно нивните побарувања се повластени.

---

[32] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, на страница 5 е наведено дека ТЕ-ТО е единствен содружник во ТЕ-ТО Трејд ДООЕЛ Скопје и ТЕ-ТО Гас Трејд ДООЕЛ Скопје

[33] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, на страница 12 е наведено дека "*…компанијата има стабилен деловен потфат со добивка и со Планот за реорганизација се обезбедува максимална возможна наплата на доверителите согласно реалните финансиски можности на ТЕ-ТО АД.*"

36. Со Планот за реорганизација е предвидено дека доверителите чии побарувања биле прифатени ќе се намируваат на дванаесет години и тоа по следниот редослед:

(a) Доверители со обезбедено побарување – доверители со право на одвоено намирување ќе бидат исплатени 100% согласно постоечката динамика за исплата и постоечките договори за кредит се до 2028 година,

(b) Доверители со необезбедени побарувања по основ на заеми и инвестиции чии побарувања потекнуваат од заеми дадени на ТЕ-ТО како побарувања кои произлегуваат за период на изградба на постројката и за изградба на постројката ќе се направи целосен отпис на сите камати и отпис на главниот долг во висина од 90%. Останатите 10% од главниот долг ќе им бидат исплатени во рок од 10 години или поточно 2028 и 2029 година по целосна исплата на доверителите со обезбедени побарувања.

(c) Во трета класа се предвидени доверителите со необезбедени побарувања по основ на тековно оперативно работење на ТЕ-ТО без кои ТЕ-ТО не може да го одржува деловниот потфат кои ќе бидат исплатени 100% редовно согласно постоечките договори. Во табеларниот дел кој е даден подолу во планот се опишани кои се тие доверители. Во доверителите од втора класа се наведени акционерите на ТЕ-ТО и другите доверители кои давале заеми а кои се опишани како доверители кои креираат финансиски проблеми и го попречуваат нормално работење на ТЕ-ТО.[34]

37. Законот за стечај доверителите ги рангира како доверители со обезбедени побарувања или разлачни побарувања и доверители со необезбедени побарувања од повисок исплатен ред и понизок исплатен ред.[35] Во групата на доверители со обезбедени побарувања спаѓаат сите доверители кои имаат побарување спрема должникот со тоа што имаат рачна залога или хипотека на одреден имот или целиот на должникот. [36] Овие доверители имаат право на глас по предложениот план за реорганизација само доколку имаат побарување и со планот се опфатени нивните заложни права над имотот.[37]

38. Необезбедените доверители од повисок исплатен ред според Законот за стечај се класифицирани како доверители со побарувања за кои законот утврдил приоритетно право на исплата на побарувањето[38] и доверители од повисок исплатен ред кои се исплаќаат по исплата на доверителите со приоритет. Побарувањата на доверителите од понизок исплатен ред се исплаќаат дури по целосно намирување на необезбедените доверители од повисок исплатен ред[39]. Постојат пет реда на доверители од понизок исплатен ред по кој редослед можат да се исплатат дури по целосна исплата на побарувањата на доверителите од претходниот исплатен ред.

39. Побарувањата на акционери за враќање на заем спаѓа по редослед во последниот исплатен ред, на побарувањата кои се исплаќаат на доверителите

[34] План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година, страница 13
[35] Закон за стечај, член 116
[36] Закон за стечај, член 128
[37] Закон за стечај, член 231(1)
[38] Закон за стечај, член 117
[39] Закон за стечај, член 118

од понизок исплатен ред. Овие правила се задолжителни за ТЕ-ТО при определувањето на класите на доверителите во планот за реорганизација. При класификацијата на доверителите во втората група ТЕ-ТО не направил разлика помеѓу акционери кои дале заеми и останатите необезбедени доверители со побарувања од повисок исплатен ред. На овој начин, акционерите на ТЕ-ТО, кои имале побарувања од најнизок исплатен ред биле изедначени со доверителите со побарувања од повисок исплатен ред, во спротивност со Законот за стечај.

40. При испитување на Предлогот и Планот за реорганизација, стечајниот судија утврдил дека ТЕ-ТО не доставил докази дека е неспособен за плаќање, односно дека му претстои идна неспособност за плаќање и дека Планот за реорганизација е непотполн, неуреден и не е во согласност со Законот за стечај.[40] Стечајниот судија, наместо да го отфрли Предлогот во смисла на член 215-в став 3 алинеја 4 од Закон за стечај, преземал низа процесни дејствија со флагрантно прекршување на одредбите на Законот за стечај, поконкретно:

41. **Прво**, Стечајниот судија на 26.04.2018 година донел решение 3 СТ-124/18 со кое определил мерки за обезбедување ("**Решение за мерки за обезбедување**"),[41] пред да донесе решение за поведување на претходна постапка, со што постапил спротивно на одредбите од 215–г од Законот за стечај. Согласно член 215-г од Законот за стечај решението за поведување на претходна постапка мора да се донесе во рок од три дена од денот на поднесување на уреден предлог во смисла на член 215-в од Законот за стечај.[42] Стечајниот судија наместо да ги примени одредбите од Законот за стечај кои се однесуваат исклучиво на постапката кога должникот поднел предлог за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација, применил одредба од Законот за стечај кои се однесуваат на постапување по поднесен предлог за отворање на стечајна постапка посебно кога предлогот за отворање на стечајната постапка го поднел доверителот и немаат допирна точка со вонстечајна реорганизација.

42. Со оглед на фактот што во конкретниот случај бил поднесен предлог за отворање на стечајна постапка со изготвен план за реорганизација определувањето на мерки за обезбедување зависи пред се од тоа дали судот примил уреден предлог за отворање на постапката. Очигледно е дека ниту Предлогот ниту пак Планот за реорганизација биле уредни. Оттука, судот спротивно на член 215-г став 1 од Законот за стечај во услови кога Предлогот и Планот не биле уредни во смисла на член 215–в од Законот за стечај и без да донесе решение за поведување на претходна постапка го донел Решението за мерки за обезбедување.

43. **Второ**, мерките за обезбедување кои биле утврдени од страна на судот со Решението за мерки за обезбедување не биле во согласност со целите кои треба да се постигнат со спроведувањето на вонстечајна реорганизација. Мерките за обезбедување кои можат да се изречат се разликуваат и од т.н. редовни мерки

---

[40] Барање за уредување предлог за отворање на стечај од Основен граѓански суд Скопје од 30.04.2018

[41] Решение на Основен граѓански суд Скопје за мерки за обезбедување 3 СТ-124/18 од 26.04.2018 година

[42] Закон за стечај, член 215-г став 1 и 2.

за обезбедување.[43] Во вонстечајна реорганизација можат да се определат мерки за обезбедување кои се насочени исклучиво кон забрана за или привремено одложување на одредување или спроведување на присилното извршување и да се именува привремен стечаен управник чии надлежности во постапката предлог за отворање на стечајна постапка со изготвен план за реорганизација се утврдени со закон[44].

44. Судот со Решението за мерки за обезбедување определил општа забрана на располагање со целокупниот подвижен и недвижен имот во сопственост на ТЕ-ТО, му забранил на органот на управување на ТЕ-ТО да презема било какви правни дејствија насочени кон отуѓување, оптоварување или склучување на договори кои се неповолни за доверителите, забранил било какво спроведување на присилно извршување или обезбедување спрема должникот, забранил исплати од сметките на должникот, освен уплати или исплати исклучиво за работи поврзани со основната дејност на должникот.[45] Сите определени мерки се проблематични од аспект на можноста постапката по поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација да биде спроведена согласно законот особено од аспект на функционирањето на ТЕ-ТО во текот на постапката и преземените дејствија во таа постапка од страна на органите на управување.

45. Определувањето на општа забрана на располагање и именување на привремен стечаен управник, овластувањето за располагањето со имотот на должникот преминува на привремениот стечаен управник кој добива посебни овластувања[46] што е во спротивност со суштината на вонстечајна реорганизација и улогата на органите на управување кои ја имаат во вонстечајна реорганизација. Последователно, сите дејствија кои органите на управување на ТЕ-ТО ги преземале во текот на постапката за реорганизација, без посебно овластување од привремениот стечаен управник, не произведуваат правно дејство.

46. **Трето**, Во член 215-г став 2 од Законот за стечај е утврдено дека судот именувањето на привремениот стечаен управник го врши по пат на електронско избирање на стечајните управници кои имаат посебни познавања од областа на планот за реорганизација. Судот при именувањето на привремениот стечаен управник на ТЕ-ТО не ги почитувал овие задолжителни услови од законот и ниту пристапил кон именување на стечајниот управник според методата на електронски избор ниту пак избрал стечаен управник за кој може да се утврди дека има посебно познавање од областа на планот за реорганизација.

---

[43] Закон за стечај, член 58 ги утврдува редовните мерките за обезбедување кои можат да се изречат во случај кога е поднесен предлог за отворање на стечајна постапка.

[44] Закон за стечај, член 215-д став 2 „*привремениот стечаен управник е должен да изврши процена на висината на побарувањата за потребите на гласањето по изготвениот план за реорганизација*", член 215–г(2) „*...Привремениот стечаен управник ги извршува должностите кои се определени со решението на стечајниот судија, а по потреба може да биде задолжен да ги испита сите податоци на кој се заснова изготвениот план за реорганизација*".

[45] Решение на Основен граѓански суд Скопје за мерки за обезбедување 3 СТ-124/18 од 26.04.2018 година

[46] Во член 59 став 1 од Законот за стечај утврдени се правилата за посебни овластувања на привремениот стечаен управник за време на спроведувањето на редовната претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка.

47. Дополнително, именувањето на привремениот стечаен управник во вонстечајна реорганизација не е како во претходната постапка која се поведува по поднесен предлог за отворање на стечајна постапка. Со Законот за стечај точно се уредени овластувањата на привремениот стечаен управник и секое проширување на овие надлежности се спротивни на одредбите на Законот за стечај со кои е уредена постапката за надминување на финансиските потешкотии на должникот со поднесување на предлог за отворање на предлог за отворање на стечајна постапка со изготвен план за реорганизација.

48. **Четврто,** Судот на 26.04.2018 година го депонирал Планот за реорганизација во стечајното досие на ТЕ-ТО заради увид на доверителите иако бил непотполн, неуреден и во спротивност со одредбите на Законот за стечај.

49. **Петто,** Судот, наместо со писмено решение, со допис од 30.04.2018 го повикал ТЕ-ТО да го уреди Планот за реорганизација.[47] Стечајниот судија постапувајќи на овој начин постапил спротивно на член 215-в став (4) од Законот за стечај според кој ако изготвениот план за реорганизација содржи недостатоци и технички грешки кои можат да се поправат, стечајниот судија со решение ќе му наложи на должникот во рок од осум дена да го уреди. Наместо тоа во последната реченица од дописот, стечајниот судија побарал од ТЕ-ТО предлогот, доказите и коригираниот план за реорганизација да го достави до судот во рок од осум дена од приемот на дописот во спротивно судот ќе постапел согласно член 215-а од Законот за стечај.[48]

50. Пропуштањето да издаде правно обврзувачко писмено решение со санкции согласно Законот за стечај дека ако не се уреди предлогот за отворање на стечајната постапка, односно планот за реорганизација следува отфрлање на предлогот, претставува флагрантна повреда на одредбите на Законот за стечај. Дополнително, со дописот со кој го враќа предлогот на уредување, судот надвор од своите ингеренции утврдени во Законот за стечај прејудицирал кога ТЕ-ТО ќе стане неспособен за плаќање и му сугерирал на ТЕ-ТО „*дека сметката на должникот била блокирана 38 дена па бара должникот да го уреди предлогот согласно рокот во задолжението сметките би биле блокирани повеќе од 45 дена да достави потврда од Централниот регистар на РМ дека должникот е инсолвентен во смисла на член 5 од Законот за стечај*“.[49] Исто така, судот побарал од ТЕ-ТО да достави доказ извештај за економско - финансиска состојба потпишан од органот на управување на ТЕ-ТО дека на ТЕ-ТО му престои идна инсолвентност.[50]

51. **Шесто**, Судот го игнорирал фактот дека ТЕ-ТО го поднел Предлогот и Планот за реорганизација поради тоа што неговите акционери Битар Холдингс Лимитед

---

[47] Барање за уредување предлог за отворање на стечај од Основен граѓански суд Скопје од 30.04.2018

[48] Барање за уредување предлог за отворање на стечај од Основен граѓански суд Скопје од 30.04.2018, страница 3 "*Судот Ве задолжува предлогот ,доказите и корегираниот план за реорганизација на должникот да ги доставите до судот во рок од 8 дена по приемот на ова барање заради постапување на судот по Вашиот предлог согласно Законот за стечај, во спротивно судот ќе постапи согласно член 215 -а од Законот за стечај.*"

[49] Барање за уредување предлог за отворање на стечај од Основен граѓански суд Скопје од 30.04.2018, т.2 став 2 на страница 1

[50] Барање за уредување предлог за отворање на стечај од Основен граѓански суд Скопје од 30.04.2018, т.2 на страница 1

и Топлификација АД Скопје покренале постапки за извршување на своите побарувања против ТЕ-ТО по основ на дадени заеми.[51] Судот не се впуштил воопшто во оценка на фактот дека сметката на ТЕ-ТО била блокирана од неговите акционери кои имале побарувања од понизок исплатен ред и дали воопшто тие побарувања можат да преставуваат основ за настанување на неспособност за плаќање во услови кога согласно одредбите од Законот за стечај се ставени во редот на т.н. условни побарувања[52].

52. **Осмо**, Стечајниот судија по приемот на одговорот на ТЕ-ТО на дописот не побарал тие забелешки да бидат внесени во Планот за реорганизација. Со други зборови спротивно на интенцијата на законодавецот наместо поднесениот план да биде уреден доверителите имале увид во првичниот текст на Планот за реорганизација. На овој начин на доверителите кои не учествувале во преговорите за прифаќање на планот за реорганизација им било оневозможен целосен увид во планот за реорганизација и сите корекции што се направени во почетниот текст.

## Дали Основниот граѓански суд постапил во согласност со законот за стечај кога на рочиште одржано на 5 јуни 2018 година му наложил на ТЕ-ТО да достави коригиран план за реорганизација со промени во класите на доверителите?

53. Основниот граѓански суд постапил во спротивност со Законот за стечај кога му наложил на ТЕ-ТО да достави коригиран план за реорганизација со промена во класите на доверителите.

54. Согласно член 215-г од Законот за стечај, стечајниот судија решението за поведување на претходна постапка и определување на мерки за обезбедување го донесува во рок од 3 дена од денот на поднесување на уреден предлог од членот 215–в од Законот за стечај. Заедно со донесувањето на решенијата, судот изработува и оглас кој се објавува на огласна табла, Службен весник на Република Македонија и во најмалку два високо тиражни дневни весници кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија. Задолжителни елементи на огласот се известување на доверителите за тоа дека можат да извршат увид во изготвениот план за реорганизација кој е депониран во стечајното досие. и повик до сите заинтересирани учесници кои имаат забелешки на предлогот на изготвениот план за реорганизација со кои ја

---

[51] Во точка 1.2. од планот за реорганизација во кои се опишани причините кои довеле до настанување на услови за отворање на стечајната постапка е наведено дека поради неочекуваното побарување од страна на доверителите кои во исто време се и акционери по основ на заеми за изградба на постојката на друштвото му се заканува идна неликвидност. Се работело за побарување на Топлификација АД врз основа на пресуда донесена од Врховниот суд на Република Македонија и побарување на Битар Холдингс Лимитед кои доспеале за наплата. Инаку доспевањето за наплата на побарувањето на Битар Холдингс Лимитед е направено со спогодби склучени помеѓу ТЕ-ТО и тука нема ништо неочекувано. Исто така, пресудата на Врховниот суд во предметот со Топлификација е донесена во декември 2017 година.

[52] Закон за стечај, член 116 став 2 *"Побарувањата на стечајните доверители од понизок исплатен ред можат да се намират дури откако во целост ќе бидат намирени побарувањата на доверителите од претходниот (повисок) исплатен ред. Побарувањата на стечајните доверители од ист исплатен ред се намируваат сразмерно на големината на побарувањата."*

оспоруваат неговата содржина, а посебно основот или висината на опфатените побарувања, да ги достават до судот и должникот во рок од 15 дена од денот на објавување на огласот во „Службен весник на Република Македонија“.

55. Предлагачот на планот е должен одговорот на забелешките да ги достави до надлежниот суд во рок од 8 дена од денот на приемот на забелешките во судот. Со истата одредба е утврдено дека стечајниот судија може да закаже рочиште на кое ќе се разгледуваат одредени прашања во врска со изготвениот план за реорганизација. Закажувањето на рочиште на кое ќе се разгледуваат одредени прашања во врска со изготвениот план за реорганизација е можност а никако не е задолжително за стечајниот судија и зависи од тоа дали воопшто некој од доверителите или заинтересираните учесници ќе поднесат забелешки.

56. На 26.04.2018 година, Судот го депонирал Планот за реорганизација во стечајното досие на ТЕ-ТО заради вид на доверителите и на истиот датум го донел Решението за мерки за обезбедување со кое, меѓу другото, именувал привремен стечаен управник до донесување на решението за поведување на претходна постапка.[53]

57. На 30.04.2018 година, Судот со допис побарал ТЕ-ТО да го уреди Предлогот и Планот за реорганизација.[54] На 02.05.2018 година, ТЕ-ТО доставил одговор на дописот.[55] Истиот ден, стечајниот судија донел решение за поведување на претходна постапка и повторно определил мерки за обезбедување и именувал привремен стечаен управник со тоа што констатирал дека претходните мерки за обезбедување престанале.[56] Решението за поведување на претходна постапка и повикот до доверителите јавно ги објавил Службен весник на Република Македонија бр. 80 од 07.05. 2018 година и во дневен печат, весници Нова Македонија и Вечер на 08.05 и 07.05.2018 година.[57] Со решението за поведување на претходна постапка закажал и рочиште за одлучување по предлогот и гласање по планот за ден 05.06.2018 година.

58. Стечајниот судија спротивно на одредбите на член 215-в став 3, 4 и 5 а во врска со член 215-г став 1 од законот, Планот за реорганизација го депонирал во стечајното досие заради увид на доверителите. Со постапување на ваков начин им оневозможил на доверителите да добијат правовремени информации за промените во Планот за реорганизација, за да можат да достават забелешки на поднесениот план кој бил коригиран.

---

[53] Решение на Основен граѓански суд Скопје за мерки за обезбедување 3 СТ-124/18 од 26.04.2018 година

[54] Барање за уредување предлог за отворање на стечај од Основен граѓански суд Скопје од 30.04.2018

[55] Одговор на допис од ТЕ-ТО АД Скопје од 02.05.2018

[56] Решение за поведување претходна постапка над ТЕ-ТО АД Скопје од Основен граѓански суд Скопје од 02.05.2018 година

[57] Оглас за поведување на претходна постапка над ТЕ-ТО АД Скопје на Основен граѓански суд Скопје од 08.05.2018 година

59. По објавениот оглас, забелешки на планот поднеле повеќе доверители[58] по кои должникот навремено поднел одговори[59] и наместо судот да одржи рочиште за одлучување за предлогот и гласање по планот за реорганизација, донел решение да се одржи собрание на доверители за разгледување на приговорите на доверителите поднесени во врска со претходно изготвениот план за реорганизација.[60] Постапувајќи на овој начин стечајниот судија постапил спротивно на одредбата од 215-г став 6 од Законот за стечај. Законот за стечај не предвидува можност на закажаното рочиште за гласање по планот за реорганизација, да се разгледуваат забелешките на доверителите по поднесениот план.

60. Со оглед на тоа што разгледувањето на определени прашања во врска со поднесениот план за реорганизација не е задолжително и може да се одржи, судот бил должен по приемот на изјаснувањето на ТЕ-ТО по поднесените забелешки да свика посебно рочиште, не како што судот го именувал собрание на доверители за разгледување на писмени приговори по поднесениот план за реорганизација. Тука посебно треба да се напомене дека стечајната постапка над ТЕ-ТО не била отворена за да се зборува дека е формирано собрание на доверители. исто така, се работи за рочиште на кое се разгледуваат одредени спорни прашања, а не се носат одлуки, ниту пак во оваа фаза законот утврдил дека е можно да се поднесе некаков коригиран план за реорганизација. Во таа смисла не се утврдуваат гласачките права на доверителите како што тоа го направил судот.

61. Стечајниот судија го задолжил ТЕ-ТО во рок од 3 дена од денот на одржувањето на рочиштето да достави коригиран односно пречистен текст на Планот за реорганизација и истиот да биде доставен на увид на доверителите заради запознавање со новиот текст.[61] Стечајниот судија констатирал дека дел од забелешките биле од суштински карактер и дека планот требал да биде променет во групирањето на класите на доверителите и поради тоа требало да се пристапи кон изработка на нов план за реорганизација.

62. Согласно член 215–б став 1 алинеја 2 од Законот за стечај содржинскиот дел на планот за реорганизација треба меѓу другото да содржи листа на доверители со поделба на класи на доверителите врз основа на кои класите се формирани. Стечајниот судија врз основа на оцена на планот согласно член 215-в став 3 од законот утврдил дека Планот за реорганизација година содржи недостатоци, меѓу другите недостатоци било наведено дека класите на доверители се неправилно утврдени. Стечајниот судија согласно наведената одредба бил должен да го отфрли Предлогот и Планот за реорганизација како изготвен спротивно на закон односно со него не биде почитувани општите одредби од Законот за стечај кои се однесува на исплатни редови на побарувањата на доверителите и приоритетот за наплата на побарувањата, дозволил постапката по Планот за реорганизација да продолжи и покрај тоа што бараните корекции

---

[58] Забелешки на план за реорганизација од Комерцијална Банка АД Скопје од 21.05.2018 година, Произнесување по план за реорганизација од Топлификација АД Скопје од 21.05.2018 година, Приговори и забелешки на планот за реорганизација од ГАМА од 22.05.2018 година

[59] Одговор на забелешки на Комерцијална Банка од ТЕ-ТО АД Скопје од 29.05.2018 година, Одговор на забелешки на Топлификација АД Скопје од ТЕ-ТО од 29.05.2018 година, Одговор на забелешки од ГАМА од ТЕ-ТО АД Скопје од 30.05.2018 година

[60] Записник од рочиште на Основен граѓански суд Скопје од 05.06.2018 година

[61] Записник од рочиште на Основен граѓански суд Скопје од 05.06.2018 година

на планот кои биле од суштински карактер не биле направени во Планот за реорганизација.[62]

63. Стечајниот судија покрај тоа што не го отфрлил Планот за реорганизација дозволил на закажаното рочиште за гласање по планот за реорганизација, да се разгледаат писмените забелешки по предложениот план за реорганизација од страна на доверителите,[63] наместо согласно член 215-г став 6 од Законот за стечај[64] да свика посебно рочиште на кое ќе се разгледаат одредени прашања во врска со поднесениот план за реорганизација.[65] Не постои законски основ планот за реорганизација во подоцнежниот дел од постапката да се коригира ако не е тоа сторено согласно член 215-в од Законот за стечај.[66] Сепак, стечајниот судија дозволил на одржување на закажано рочиште за гласање по предложениот план за реорганизација да се пристапи кон изработка на нов план за реорганизација посебно да се изменат одредбите од содржинскиот дел од планот за реорганизација кои се однесуваат на формирањето на класите на доверители и начинот на нивното намирување.

64. Доверителите согласно член 215-г став 5 од Законот за стечај,[67] можеле со поднесените забелешки на планот за реорганизација да ја оспоруваат неговата содржина, а посебно основот и висината на опфатените побарувања. Значи на рочиштето кое се закажува по повод забелешките може да се разгледуваат одредени прашања кои се поврзани со содржината на планот за реорганизација.

65. Стечајниот судија нема можност согласно законот да наложи изготвување на нов план за реорганизација, во делот на утврдените класи на доверители во него од причина што се работи за прашање за кое стечајниот судија внимава по службена должност во смисла на член 215- в став 3 од Законот за стечај а не по приговор на доверителите. Како што веќе укажавме, членот 215-в став 3 од Законот за стечај утврдува можност за претходно испитување на предлогот за отворање на стечајна постапка и на поднесениот план. Во рамките на тоа испитување стечајниот судија е должен во целост да испита дали предложениот план е во согласност со законот, а токму ТЕ-ТО било должно во планот да ги уреди прашањата во врска со класите на доверителите согласно законот.

**Дали Планот за реорганизација на ТЕ-ТО од 6 јуни 2018 година бил изготвен во согласност со законот за стечај, а особено во однос на: (i) поделбата на класи на**

---

[62] Одговор на забелешки од ГАМА од ТЕ-ТО АД Скопје од 30.05.2018 година

[63] Забелешки на план за реорганизација од Комерцијална Банка АД Скопје од 21.05.2018 година, Произнесување по план за реорганизација од Топлификација АД Скопје од 21.05.2018 година, Приговори и забелешки на планот за реорганизација од ГАМА од 22.05.2018 година

[64] Закон за стечај, член 215-г став 6, "*Во текот на претходната постапка стечајниот судија може да закаже рочиште на кое ќе се разгледуваат одредени прашања во врска со претходно изготвениот план за реорганизација.*"

[65] Записник од рочиште на Основен граѓански суд Скопје од 05.06.2018 година

[66] Закон за стечај, член 215-в став 4, "Во случај кога изготвениот план за реорганизација содржи недостатоци и технички грешки кои можат да се поправат, стечајниот судија со решение ќе му наложи на должникот во рок од осум дена да го уреди."

[67] Закон за стечај, член 215-г став 5, "*...сите заинтересирани учесници кои имаат забелешки на предлогот на изготвениот план за реорганизација со кои ја оспоруваат неговата содржина, а посебно основот или висината на опфатените побарувања да ги достават до судот и должникот во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Македонија*"."

**доверители; (ii) рокот за извршување; и (iii) финансиски проекции, вклучувајќи ги проектираниот биланс на успех, биланс на состојба и извештај за паричните текови за периодот на извршување на планот за реорганизација**

66. На 06.06.2018 година, ТЕ-ТО доставил пречистен текст на Планот за реорганизација.[68] Заедно со пречистениот текст на Планот за реорганизација доставил и нови изјави за прифаќање на планот од страна на акционерот Битар Холдингс Лимитед и Ланденсбанк Берлин од 12.06.2018 година дека го прифаќаат пречистениот текст на Планот за реорганизација.[69] Од содржината на пречистениот текст на Планот за реорганизација произлегува дека не се работи за пречистен текст на планот за реорганизација туку за поднесување на нов план за реорганизација во кој се извршени измени во делот на утврдување на нови класи на доверители.[70]

67. Стечајниот судија постапил спротивно на Законот за стечај посебно одредбите од членовите 215–в ставовите 3, 4 и 5 кога воопшто овозможил ТЕ-ТО да достави нов план за реорганизација по одржување на рочиштето за одлучување на предлогот за отворање на стечајната постапка и изготвениот план за реорганизација. Од наведените законски одредби произлегува дека стечајниот судија е должен во постапката за претходно испитување на предлогот за отворање на стечајната постапка и планот за реорганизација целосно да се расправи ова прашање со оглед на тоа што истото спаѓа во прашањата од т.н. материјално правен карактер кои го прават планот незаконит и спротивен на законот.

68. Значи не се работи за недостаток кој може да се поправи ниту пак претставува техничка грешка во смисла на член 215-в став 4 од наведениот закон. Значи се работи за интервенција во делот на содржинскиот дел од Планот за реорганизација и погрешното определување на класите на доверители спротивно на законот. Формирањето на класите на доверители согласно Законот за стечај е важна и од аспект на утврдувањето на правото на глас на доверителите и постапката за донесување на планот да биде спроведена согласно Законот за стечај. Ова претставува уште една причина поради која судот бил должен да пристапи кон оценка на планот дали е составен согласно законот.

69. Планот за реорганизација од 06.06.2018 ги содржел истите суштински недостатоци кои ги имал и Планот за реорганизација од 04.04.2018 година (види ги ставовите 21-40 од ова мислење), во спротивност со Законот за стечај.

## Поделба на класи на доверители

70. Со планот за реорганизација доставен на 06.06.2018 година до судот и до останатите доверители ТЕ-ТО утврдува две класи на доверители со тоа што во првата класа спаѓаат доверителите со обезбедени побарувања додека во втората група доверителите со необезбедени побарувања, во кои се вклучени и

---

[68] Пречистен текст на Планот за реорганизација на ТЕ-ТО АД Скопје од 06.06.2018 година
[69] Записник од рочиште на Основен граѓански суд Скопје од 14.06.2018 година
[70] Пречистен текст на Планот за реорганизација на ТЕ-ТО АД Скопје од 06.06.2018 година, стр. 31-37

акционерите на ТЕ-ТО[71] Оваа класификација на доверителите е спротивна на законските одредби кои предвидуваат побарувањата на акционерите да бидат третирани во понизок исплатен ред односно во посебна класа. Дотолку повеќе што мнозинскиот акционер на ТЕ-ТО, Битар Холдингс Лимитед во втората класа имал мнозинство 66,61% што значи дека имал одлучувачко влијание да се прифати планот. Акционерите воопшто не би требало да имаат право да гласаат по планот за реорганизација или евентуално морале да бидат групирани во посебна класа.

71. Со Законот за стечај е уредено дека побарувањето на содружник или акционер кое се однесува на враќање на заем спаѓа по редослед во последниот исплатен ред, на побарувањата кои се исплаќаат на доверителите од понизок исплатен ред.[72] Овие правила се задолжителни за ТЕ-ТО при определувањето на класите на доверителите во планот за реорганизација. При класификацијата на доверителите во втората група ТЕ-ТО не направил разлика помеѓу акционери кои дале заеми и останатите необезбедени доверители со побарувања од повисок исплатен ред.

## Рок на спроведување на планот

72. Во Законот за стечај[73] е предвидено дека рокот на спроведување на планот за реорганизација не може да биде подолг од пет години, освен во случај кога мерките за реализација на планот за реорганизација се однесуваат на:

(a) предвидена отплата на побарувањата во рати, измена на роковите на доспевање, каматни стапки или други услови на заемот, кредитот или друго побарување или инструменти за обезбедување,

(b) периодот на отплата на кредитот или заемот земен за време на траењето на претходната постапка или согласно со планот за реорганизација, како и

(c) роковите на доспевање на должничките издадените хартии од вредност.

73. Планот за реорганизација доставен на 06.06.2018 година предвидувал рок на спроведување на планот за период од 12 години. Првите десет години сметано од 2018 година треба да се исплатат побарувањата на доверителите со обезбедени побарувања, додека побарувањата на необезбедените доверители се намалуваат за 90% и нивната исплата ќе биде извршена во 2028 и 2029 година.

74. Од анализата на цитирана одредба произлегува дека побарувањата на необезбедените доверители со побарувања од повисок исплатен ред не произлегуваат од заеми или кредити кои доспеале за наплата и не можат да бидат да бидат предмет на одлагање на исплата подолго од пет години.

---

[71] Пречистен текст на Планот за реорганизација на ТЕ-ТО АД Скопје од 06.06.2018 година, стр. 31-37

[72] Закон за стечај, член 118 став 1 точка 5

[73] Закон за стечај, член 215-б став 1 точка 2 алинеја 13

**Финансиски проекции, вклучувајќи ги проектираниот биланс на успех; биланс на состојба и извештај на паричните текови за периодот на извршување на планот за реорганизација**

75. Во финансиските проекции, ТЕ-ТО не проектирал и обврски по основ на данок на добивка по основ на отпишани побарувања и на тој начин создал услови планот за реорганизација да не може да го спроведе односно со оглед на висината на средствата кои по овој основ треба да се исплатат планот за реорганизација го прават неспроведлив.

**Дали акционерите на ТЕ-ТО кои имале побарувања кон ТЕ-ТО по основ на заеми биле третирани поповолно од доверителите во класата на необезбедени доверители согласно коригираниот План за реорганизација на ТЕ-ТО од 6 јуни 2018?**

76. Финансирање на акционерско друштво е или преку задолжување или преку емисија на хартии од вредност. Во конкретниот случај изградбата на постројката на ТЕ-ТО била финансирана со задолжување и тоа во голем дел со кредити кај комерцијални банки, заеми од други трговски друштва и заеми од правите субјекти кои биле акционери на ТЕ-ТО.

77. Законот за стечај на општ начин го регулира третманот на побарувањата кои правните субјекти ги имаат спрема друштвото кое е инсолвентно, без разлика дали над него се води постапка за колективно намирување на доверителите во стечајна постапка или постапка за реорганизација во претходна постапка по предлог и план за реорганизација поднесен од должникот односно во конкретниот случај ТЕ-ТО. Третманот на банките по основ на дадени кредити за потребите на ТЕ-ТО во конкретниот случај имаат карактер на обезбедени побарувања со оглед на фактот што истите стекнале заложно право – хипотека или рачна залога над подвижните средства или недвижните средства кои се сопственост на ТЕ-ТО. Побарувањата кои ги имаат третите правни лица кои дале заеми по основ на инвестициска активност на ТЕ-ТО преставуваат побарувања на доверители кои спаѓаат во повисокиот исплатен ред во зависност од тоа дали биле обезбедени или не.

78. Побарувањата на акционерите кои го финансирале друштвото со заеми, спаѓаат во побарувања од последниот ред на побарувањата од понизок исплатен ред. [74] Побарувањата на акционерите или содружниците од понизок исплатен ред можат да се намират дури откако во целост ќе бидат намирени побарувањата на доверителите од претходниот исплатен ред, односно доверителите од повисокиот исплатен ред. [75]

[74]Закон за стечај, член 118 став 1 точка 5

[75]Закон за стечај, член 116 став 2, *"Побарувањата на стечајните доверители од понизок исплатен ред можат да се намират дури откако во целост ќе бидат намирени побарувањата на доверителите од претходниот (повисок) исплатен ред. Побарувањата на стечајните доверители од ист исплатен ред се намируваат сразмерно на големината на побарувањата."*

79. Судот прифаќајќи го планот за реорганизација доставен на 06.06.2018 со кој ТЕ-ТО побарувањата кои ги имаат акционерите по основ на заеми во планот за реорганизација им дал третман како доверители од втора класа односно доверители од повисок исплатен ред постапил спротивно на Законот за стечај на штета на сите други доверители кои се рангирани во втора класа – доверители со необезбедени побарувања. Судот дозволил овие доверители да бидат ставени во повластена положба и ги третирал како доверители од повисок исплатен ред. Така акционерите врз основа на дадените заеми спротивно на Законот за стечај согласно пречистениот текст на Планот за реорганизација се стекнале:

(a) со повластена положба при исплата на побарувањето заедно со останатите доверители од повисок исплатен ред

(b) им биле дадени гласачки права како и на доверителите од повисок исплатен ред а со тоа, со оглед на висината на побарувањата, имале мнозинство во оваа класа на доверители.

80. Правата на доверителите кои се рангирани како доверители од понизок исплатен ред се многу ограничени со оглед на нивниот карактер како условни побарувања. чие намирување може да дојде предвид само доколку во целост се намират побарувањата на доверителите. Таквата условна улога на овие побарувања не им дава можност да бидат предлагачи за отворање на стечајната постапка, да имаат процесна улога во стечајната постапка како доверителите од повисок исплатен ред и не можат да гласаат на собранијата на доверители. Во постапката за реорганизација по поднесен предлог за отворање на стечајната постапка со план за реорганизација, се применуваат овие општи правила од стечајната постапка која се регулирани со законот за стечај.

81. Рангирањето на необезбедените доверители со пречистениот текст на Планот за реорганизација е направен спротивно на општите одредби на Законот за стечај. ТЕ-ТО бил должен при изготвувањето на планот за реорганизација да ги примени општите правила на стечајната постапка и на тој начин да спречи настанување на штетни последици и повластување на доверителите.

82. Судот при одлучувањето по Планот за реорганизација од 24.04.2018 година и коригираниот (нов) план за реорганизација од 06.06.2018 година бил должен да ги примени одредбите од член 215–в и при претходна оценка на планот за реорганизација да го отфрли бидејќи не е во согласност со законот.

83. Во конкретниот случај со самото тоа што со член 215-д став 6 од Законот за стечај се утврдува дека одредбите кои ја регулираат постапката за реорганизација се применуваат и на вонстечајна реорганизација, значи дека на вонстечајна реорганизација се применуваат и посебните одредби од Законот за стечај. Во прилог на ова оди и фактот што Законот за стечај не ја регулира постапката за реорганизација како посебна и одвоена постапка од постапката за впаричување и во тој дел критериумите за рангирање на доверителите вградени во Законот за стечај преставуваат заеднички одредби за сите постапки.

**Дали коригираниот План за реорганизација на ТЕ-ТО од 6 јуни 2018 година на несомнен начин прикажува дека необезбедените доверители би**

**биле поповолно намирени со истиот наместо со вапричување на имотот на ТЕ-ТО?**

84. Во Законот за стечај се утврдени одредби кои се специфични за постапката за вапричување на имотот, постапката за реорганизација во услови на отворена стечајна постапка и постапката за реорганизација во претходна постапка согласно изготвен план од страна на должникот.

85. Со оглед да во Планот за реорганизација од 24.04.2018 година и коригираниот (нов) план за реорганизација од 06.06.2018 година нема доволно информации кои план за реорганизација поднесен заедно со предлог за отворање на стечајната постапка мора да ги содржи, а тоа се податоци за проценетата вредност на целокупниот недвижен и подвижен имот на ТЕ-ТО со наведување на двете вредности и во услови на продолжување на деловниот потфат и во услови на вапричување на имотот, не е приложен попис на имотот заради утврдување на тоа со каков имот ТЕ-ТО располага необезбедените доверители не можат да оценат дека понудениот процент за исплата 10% од утврдените побарувања без камата во рок на две години по проток на десет години во кој треба да бидат исплатени обезбедените доверители ниту пак ТЕ-ТО аргументирано го докажал тоа.

86. При состојба кога и двата плана за реорганизација содржат низа недостатоци кои ги прават спротивни на закон, а судот направил низа процесни грешки вклучувајќи ја и таа што дозволил доверителите да расправаат за класите на доверители, а ниту го применил Законот за стечај при оценка на критериумите за составување на класи на доверители и дозволил формирање на класа на доверители во која се вклучени и акционерите на ТЕ-ТО кои по сите правила требало да биде во друга класа која ќе го чека намирувањето на доверителите од повисок исплатен ред па да можат им се исплатат побарувањето кое законот го рангира како побарување од понизок исплатен ред , основано е да се очекува дека стечајната постапка со вапричувањето на имотот колективното намирување ќе биде поповолно за нив.

Дејан Костовски

Скопје, 25 ноември 2022 година

**ПРИЛОГ 1 Листа на прегледана документација**

1. Предлог за спроведување на план за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 24.04.2018 година

2. План за реорганизација од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.04.2018 година со прилози

3. Решение на Основен граѓански суд Скопје за мерки за обезбедување од 26.04.2018 година

4. Поднесок од Топлификација АД Скопје од 25.04.2018 година

5. Спогодба за регулирање на права и обврски помеѓу Битар Холдингс Лимитед и ТЕ-ТО АД Скопје од 08.03.2018година солемнизирана под ОДУ бр. 78-18

6. Спогодба за регулирање на права и обврски помеѓу Битар Холдингс Лимитед и ТЕ-ТО АД Скопје од 08.03.2018 година солемнизирана под ОДУ бр. 79-18

7. Спогодба за регулирање на права и обврски помеѓу Битар Холдингс Лимитед и ТЕ-ТО АД Скопје од 08.03.2018 година солемнизирана под ОДУ бр. 85-18

8. Спогодба за регулирање на права и обврски помеѓу Битар Холдинг Лимитед и ТЕ-ТО АД Скопје од 08.03.2018 година солемнизирана под ОДУ бр. 83-18

9. Поднесок од Топлификација од 30.04.2018 година

10. Барање за уредување предлог за отворање на стечај од Основен граѓански суд Скопје од 30.04.2018

11. Одговор на допис од ТЕ-ТО АД Скопје од 02.05.2018 со прилози

12. Решение за поведување претходна постапка над ТЕ-ТО АД Скопје од Основен граѓански суд Скопје од 02.05.2018 година

13. Оглас за поведување на претходна постапка над ТЕ-ТО АД Скопје на Основен граѓански суд Скопје од 08.05.2018 година

14. Поднесок од Топлификација АД Скопје од 14.05.2018

15. Забелешки на план за реорганизација од Комерцијална Банка АД Скопје од 21.05.2018 година

16. Одговор на забелешки на Комерцијална Банка од ТЕ-ТО АД Скопје од 29.05.2018 година

17. Произнесување по план за реорганизација од Топлификација АД Скопје од 21.05.2018 година

18. Одговор на забелешки на Топлификација АД Скопје од ТЕ-ТО од 29.05.2018 година

19. Приговори и забелешки на планот за реорганизација од ГАМА од 22.05.2018 година

20. Одговор на забелешки од ГАМА од ТЕ-ТО АД Скопје од 30.05.2018 година

21. Извештај за економско-финансиска состојба на ТЕ-ТО АД Скопје од стечаен управник Маринко Саздовски од 04.06.2018 година

22. Поднесок од ТЕ-ТО АД Скопје од 04.06.2018 година

23. Записник од рочиште на Основен граѓански суд Скопје од 05.06.2018 година

24. Поднесок од Топлификација АД Скопје од 08.06.2018 година

25. Пречистен текст на Планот за реорганизација на ТЕ-ТО АД Скопје од 06.06.2018 година со прилози

26. Поднесок од Топлификација АД Скопје од 12.06.2018 година

27. Приговор и забелешки од ГАМА од 12.06.2018 година

28. Поднесок од Илирика од 13.06.2018 година

29. Поднесок од Топлификација АД Скопје од 13.06.2018

30. Записник од рочиште на Основен граѓански суд Скопје од 14.06.2018 година

31. Решение на Основен граѓански суд Скопје за усвојување на План за реорганизација од 14.06.2018

32. Решение на Апелационен суд Скопје од 30.06.2018 година

33. Известие од Државен правобранител на Република Северна Македонија од 24 декември 2019 со прилози

## ПРИЛОГ 2 Биографија



Дејан Костовски
Експерт за стечај
ИМАГО – ЕНА ДООЕЛ Скопје
Телефон: +389 75 930 935

**СТРУЧНИ ОБЛАСТИ**

- Стечај и реорганизација;
- Корпоративно право/присоединување и спојување
- Стопански спорови
- Работни спорови.

**ЈАЗИЦИ**

- Македонски
- српски
- хрватски
- англиски

**ОБРАЗОВАНИЕ**

- Меѓународен институт за инсолвентност, Државен институт во Аризона, Руски и Источноевропски студиски конзорциум, Државен универзитет во Темпи, Аризона, САД, обука за стечајната постапка, одржана во САД (ноември – декември 1998 година);
- Здружението на правниците на САД и Здружението на судии на Република Македонија – обука за едукатор на едукаторите (ноември 1998 година);
- Здружението на правниците на САД и Здружението на судии на Република Македонија, обука за програмата за судска администрација и технологија одржана во САД (1 – 21 септември 1997 година);
- Институтот за интернационален развој на правото од Рим, Република Италија и Здружението на правниците од стопанството на Република Македонија, обука за стечајна реформа, закон и практика одржана во Маврово, Република Македонија (1-5 декември, 1997 година);
- Правосуден испит, „Министерството за правда на Република Македонија" (1986 година);

- Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, Република Македонија, Правен факултет, дипломиран правник (1979 – 1983 година).

**КАРИЕРА**

- Правен советник, основач и управител во Друштвото за консалтинг ИМАГО – ЕНА ДООЕЛ Скопје (2009 – до денес);
- Судија во Основен суд Скопје I – Скопје – Одделение за работни спорови (2005 – 2006);
- Судија во Основен суд Скопје I – Скопје – Одделение за стопански спорови (2004 – 2005);
- Судија во Основен суд Скопје I – Скопје – Одделение за стечај (1996– 2004);
- Приправник и стручен соработник во Основен суд на здружен труд, Републички суд на здружен труд и Окружен стопански суд (1985 – 1995).

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

- **РАБОТА НА СТЕЧАЈНА РЕГУЛАТИВА**
    - Член во работната група за измени и дополнувања на Законот за стечај (2013 година);
    - Член на работна група за изготвување на професионални стандарди, регулативи кои се однесуваат на испитот за стекнување на лиценца за овластен стечаен управник, на управувањето со стечајната маса и нејзината продажба, како и на надоместоците и наградите на стечајниот управник и Етичкиот кодекс на стечајните управници (2006 година);
    - Член на работната група за изготвување на Законот за стечај (2005 година);
    - Член на работните групи за изготвување на законот за хартии од вредност (2005);
    - Член на работна група за изготвување на Законот за изменување и дополнување на законот за стечај од 1997година ( 2000, и 2004 година);
    - Член на работна група за изготвување на подзаконските акти (2000 година).

- **ЕДУКАЦИИ**
    - Повремен едукатор во Академијата за судии и јавни обвинители на Република Македонија (2009 – 2019 );
    - Повремен едукатор во Комората на стечајни управници на Република Македонија (2009- до денес);
    - Повремен надворешен предавач на мастер студиите по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје

- **КОМИСИИ И ЧЛЕНСТВА**
    - Член на првата комисијата за полагање на испит за стекнување на звање овластен стечаен управник формирана од министерот за правда (2001 година);
    - Член на Здружението на правници на Република Македонија;
    - Поранешен член на Управниот Одбор на македонското Здружение за стечај;
    - Поранешен член на Здружението на судии на Република Македонија;
    - Поранешен член на издавачкиот одбор на Судскиот информатор, списание кое го издаваше Здружението на судиите на Република Македонија

- **ПРОЕКТИ**
    - Проектот „Разрешување на долговите и излез од пазарот " финансиран од страна на Интернационалната финансиска корпорација групација на Светска банка (2018 година до денес);
    - Проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва" финансиран од страна на Европската Унија (2016 година до 2018 година);
    - Проектот „Следење на владеењето за раст на правдата", спроведен од Институтот за европска политика – ЕПИ Скопје, финансиран од Регионален совет за соработка (2016 година);
    - Проектот за правна и правосудна имплементација и институционална поддршка (LJIIS) на Светската Банка и Министерството за правда на Република Македонија ( 2009 – 2011 година);
    - Проектот за правна реформа – Усогласување на Трговското право во регионот – Закон за стечај, кој бил организиран од страна на ГТЗ (GTZ) Отворен регионален фонд за Југоисточна Европа (2008 до 2009 година);
    - Проектот за деловно опкружување – Законска и регулаторна рамка, на Агенцијата за меѓународен развој на САД –УСАИД (USAID) и Министерството за економија на Република Македонија, имплементиран од страна на Буз Ален Хамилтон (Booz Allen Hamilton), (2007 година);
    - Проектот за трговско право, организиран од Центарот за финансиски инженеринг во развој (CFED) на УСАИД (USAID) – Македонија, во Скопје, Република Македонија (1998 година);
    - Проектот за стечајна администрација, финансиран од Светската банка а во соработка со Здружението на судиите на Република Македонија, во Скопје. Република Македонија (1997 – 1999 година).

- **КОНФЕРЕНЦИИ:**

- Панелист на Регионалната конференција за инсолвентност насловена како „Моментални проблеми на Законот за стечај – легислатива и практика“ организирана од Комората на стечајни управници, во Бања Лука, Република Српска, Босна и Херцеговина, ноември 2012 година;
- Панелист на Првата меѓународна конференција на земјите од Југоисточна Европа, насловена како „Современи тенденции во меѓународното инсолвентно право – Улогата на стечајните управници“, организирана од Агенција за лиценцирање на стечајни управници на Република Србија и ГТЗ Отворен Регионален Фонд за Југоисточна Европа, Белград, Република Србија, декември 2008 година;
- Панелист на регионалната конференција за инсолвентност „Закон и практика“, организирана од ГТЗ Отворен Регионален Фонд за Југоисточна Европа, во Бања Лука, Република Српска, Босна и Херцеговина, февруари 2008 година;
- Панелист на регионалната конференција за инсолвентност „Стечајно право на Црна Гора – понатамошни правци на реформата во регионален контекст“, организирана од ГТЗ Отворен Регионален Фонд за Југоисточна Европа, во Херцег Нови, Црна Гора, јуни 2008 година;
- Панелист на конференцијата организирана од ИНСОЛ Европа и Агенција за лиценцирање на стечајни управници на Република Србија насловена како „Инсолвентност, реорганизација и неуспешно инвестирање во Источна Европа“, организирана во Белград, Република Србија, мај 2007 година;
- Панелист на конференција за хармонизација на Законот за стечај и новиот Закон за стечајна постапка, организирана од Правниот факултет во Ниш, Република Србија, ноември 2005 година;
- Панелист на конференција „Европски судски простор“ организирана од УниверзиТЕ-ТОт во Марибор, Правен факултет, Република Словенија, август 2005 година;
- Панелист на конференција за стечај во државите во Централна и Источна Европа како можност за реорганизација организирано од Здружението за стечај на Република Македонија во Охрид, Република Македонија, јуни, 2000 година.
- Зимска конференција за лидери организирана од Американскиот Институт за стечај одржана од 3- 5 декември во Тусон Аризона САД, 1998 година.
- учествувал на повеќе тркалезни маси, работилници и повеќе пати бил поканет од Здружението на правниците на Република Македонија на годишни советувања како предавач на теми од стечајната постапка.

## ПУБЛИКАЦИИ

- **КНИГИ**

- Коментар на Законот за стечај, Академик, Скопје, Република Македонија, 2014 година, автор
- Закон за стечај, подзаконски акти, професионални стандарди, етички кодекс за стечајните управници – коментар, Проект за деловно опкружување на Агенцијата за меѓународен развој на САД и Министерство за економија Скопје, Република Македонија, 2007 година автор
- Модели на престанок на друштвата од финансиската сфера со посебен осврт врз постапката за стечај и ликвидација над Брокерска куќа, Берза и Клириншко- депозитна куќа- правни аспекти Скопје, Република Македонија, Комисија за хартии од вредност, 2004 година, автор
- Реорганизација на правните лица во стечајната постапка – прирачник Агенцијата за меѓународен развој на САД и Министерство за економија Скопје, Република Македонија, 2007 година, коавтор
- Основи на управување со корпоративниот ризик – практични аспекти, Скопје, Република Македонија, Печатница Европа 92, јануари 2003 година коавтор
- Прирачник за заштита на правата на доверителите во стечајната постапка, Скопје, Република Македонија, Печатница ТИВ ТОП март, 1999 година, коавтор
- Закон за стечај – Прирачник за примена, Скопје, Република Македонија, Печатница ТИВ ТОП февруари, 1999 година, коавтор

- **ТРУДОВИ**
  - Заштита на правата на доверителите во постапка за вонстечајна реорганизација според македонското право (Искуства и тенденции за законодавството на БИХ), Зборник на трудови, „Јавни и приватни аспекти на правните реформи во БИХ: Колку далеку може да се оди," – Меѓународна конференција Правен факултет Универзитет во Тузла и Центар за општествени истражувања Тузла, 2014 Босна и Херцеговина стр.181, коавтор
  - „Одговорност на членовите на органите на управување и надзор на трговското друштво за штета настаната поради неподнесување на предлог за отворање на инсолвентна постапка" Актуелни прашања на стечајното право, законодавство – практика Зборник на трудови, Здружение на стечајните управници на Република Српска, Бања Лука ноември 2012 година стр.59., коавтор.
  - „Стечајниот должник како учесник во платниот промет според законодавството на Република Македонија", Правото на државите во регионот, Институт за споредбено право, Белград, 2010 година, Република Србија,стр. 218, коавтор.
  - „Испитување и утврдување на побарувањата на доверителите во инсолвентна постапка" Стечај и приватизација Шесто традиционално советување на правосудството „ Вршац 2009" Република Србија, март, 2009 година, стр. 205., коавтор.

- „Управување во стечајната постапка“ Современи тенденции во меѓународното стечајно право – улога на стечајниот управник, Зборник на првата меѓународна конференција на државите од Југоисточна Европа 9-10, Република Србија, Белград, декември 2008 година, коавтор.
- „Инсолвентност и начела на инсолвентната постапка,“ зборник на трудови од конференцијата Стечајно право на Црна Гора – понатамошни правци на реформата во регионален контекст, јуни 2008 година, коавтор.
- „Стечајна постапка и правниот субјективитет на должникот Стечај и приватизација“ Петто традиционално советување на правосудството „ Вршац 2008“ Република Србија, март 2008 година, стр. 75, коавтор.
- „Ликвидација и стечај над банка според законодавството на Република Македонија“, Законодавство и пракса, зборник на трудови од регионалната конференција за стечај, Бања Лука, Република Српска 14 и 15 февруари 2008 година, стр. 117, коавтор.
- „Правна положба на стечајниот управник во стечајната постапка и одговорност за штета“ објавено во Зборникот на трудови – трета конференција на одборот на државите кои пристапуваат, ИНСОЛ ЕВРОПА, Агенција за лиценцирање на стечајни управници, Белград, Република Србија, мај 2007 година, стр. 189, коавтор.
- „Некои актуелни прашања во развојот на стечајното законодавство во Република Македонија“ Зборник на трудови од меѓународна научна конференција на тема „Хармонизација на стечајното право и новиот закон за стечајна постапка“ Правен факултет Ниш, ноември 2005 година, коавтор.
- „Практична примена на законот за стечај на Република Македонија искуства, проблеми, перспективи“ Европски судски простор, Зборник на текстови Марибор, Република Словенија, август 2005, стр. 303, коавтор.
- „Реорганизација на должникот во стечајна постапка со донесување на стечаен план со формирање на ново трговско друштво“ (законска рамка и искуства од праксата) Зборник на трудови од меѓународната конференција „Стечајот како можност за реорганизација“, јуни 2000, Охрид, Република Македонија, коавтор.
- „Поведување на стечајната постапка над имотот на должник- правно лице„
- „Преодни и завршни одредби“
- „Стечаен план“, Примена на законот за стечај – реферати за советување, Врховен суд на Република Македонија Скопје април 1998 година, стр. 66, 182 и 195, коавтор.